**ЗАПИСНИК**
**од 45-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 23.11.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ,, Зоран Фиданоски и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, д-р Андриана Скерлев Чакар, м-р Магдалена Д. Довлева, Арбен Саити, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 45 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за" го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на предлог-записник од 44-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.11.2018 година.
2. Предлог за отворање јавна расправа за утврдување на потребата за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси.
3. Предлог-одлука за објавување на јавен конкурс за доделување една дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво.
4. Предлог-правилник за измена на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
5. Предлог-одлука за ребаланс на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Јанчески го усвои предложениот Записник од 44-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.11.2018 година со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи предлогот за отворање јавна расправа за утврдување на потребата за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси. Објасни дека од страна на Македонската асоцијација на телевизии кои емитуваат програма терестријално, односно 5-те телевизии, ТВ Телма, ТВ Алсат, ТВ Алфа, ТВ Канал 5 и ТВ Сител доставено е барање за измена на наведениот Правилник. Барањето на овие 5 телевизии се однесува врз основа на нивниот став дека кабелските оператори кај дел од странските телевизии коишто ги реемитуваат, има нерегулирани содржини односно имаат нерегулирани авторски права за одредени содржини коишто ги реемитуваат. Согласно сегашниот Правилник, кабелските оператори доставуваа изјава заверена на нотар дека ќе ги почитуваат авторските и сродни права и исто така доставуваат и договор за регулирани авторски права со секоја телевизија поединечно. Првиот предлог е Договорот за реемитување на програмски сервиси задолжително да содржи одредба со која странските радиодифузери во целост гарантираат дека ги имаат уредено сите авторски/сродни/лиценцни ТВ права за територијата на Република Македонија за севкупниот програмски сервис, без исклучок на сите содржини кои се и ќе се емитуваат за цело времетраење на предметниот договор и второто барање е ако се усвои ваквата измена, во рок од 15 дена кабелските оператори да бидат должни да ги исклучат односно да ги реемитуваат оние канали коишто имаат регулирано авторски права. Предлогот до Советот е сега да се отвори само јавна расправа без да се зазема став дали телевизиите се во право или не, да се организира јавна расправа на која ќе бидат поканети кабелските оператори за да се видат и нивните ставови и мислења, а потоа ваквиот предлог преку делегација на Европската комисија во Скопје да се прати во Брисел на мислење. Врз основа на ставот на Европската комисија дали овој предлог е во согласност со Директивата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и праксата во земјите членки на ЕУ, Советот ќе донесе одлука дали ќе го прифати ваков предлог или на крај ќе реши дека ваквиот предлог нема да го прифати.

Г-дин Фиданоски рече дека отсекогаш се залагал за дебата на која ќе може да се чујат различни мислења и да се спротивстават аргументите и затоа за јавната расправа ќе даде поддршка, и со ова ќе се дојде до некаков заклучок или решение кое што ќе биде во интерес на сите или пак макар ќе се расчистат позициите на заинтересираните страни. Дополнително така прокламираните позиции заедно со предлогот, како што кажал претходно г-дин Трајчевски ќе бидат дадени на мислење во Брисел, па заедно со мислењето од Европската комисија ќе може Советот да донесе дефинитивна одлука во врска со ова прашање. Претпоставува дека ова што сега дискутираат ќе претставува можност да се елиминираат сите недоследности на

потенцијални потребни затемнувања на програмата кога некој радиодифузер ги има платено авторските права, а друг што се реемитува истото тоа го пренесува.

Г-дин Фетаи рече дека се приклучува на овие размислувања со оглед на тоа дека телевизиите се соочуваат со такви проблеми, а се знае во каква смисла е тоа предложено, затоа што има финансиски, економски импликации. Одредени програми кои ги имаат веќе земено авторските права за нивно емитување да не биде на некој начин тоа злоупотребено, односно прескокнато од операторите и од странските телевизии. Поддржува предлогот да биде во согласност со Европската регулатива, да се види како тие се справуваат со вакви позиции и состојби. Регулаторот начелно треба еден ваков сериозен пристап да прифати, да види што може да помогне и да изнајде најсоодветно решение за да се надмине оваа состојба без да ги оштети, не само медиумите и операторите туку и самата публика како крајна инстанција на сето ова.

Г-дин Петрушевски рече дека се работи за еден внимателен и сериозен пристап кон ова прашање и предлогот секако ја има неговата поддршка.

Г-дин Фиданоски, рече дека пропуштил да каже дека овој предлог односно процесот на отворање на јавна расправа не сака да се разбере дека Агенцијата и Советот прејудицираат некакво решение коешто ќе оди во полза на предлагачот или на некој друг. Посочи дека само се отвора дебата на која ќе треба да се чујат мислењата и тоа не треба да значи дека прејудицираат.

Г-дин Петрушевски рече дека секако Советот и Агенцијата не заземаат страна.

Г-дин Трајчевски рече дека од дискусијата се доби впечаток дека за одредени авторски права коишто ги поседуваат телевизиите во Република Македонија да не биде загрозена нивната положба затоа што истите се реемитуваат од странски канали. Дообјасни дека предлогот се однесува не само за тие содржини коишто ги имаат како ексклузивни туку и за било кој други ако немаат регулирано авторски права не смеат да бидат реемитувани. Два сегмента се во прашање.

Г-дин Фетаи рече добро е што директорот даде дообјаснување. Се работи за два столба, за две целини во поглед на телевизиите и второто начелно, принципиелно, за сите програми коишто се емитуваат на територијата на Република Македонија. Во оваа друга смисла има многу работа, ако успееме, бидејќи има разноразни дигитални платформи, многу програми кои се реемитуваат итн. Се согласува во таа насока, да не бидеме ние ничија земја кој ќе се сети и директно да ги пушта нивните програми, ако никој не се жали, ако не се засегнати телевизиите за некоја програма, засегната е државата, мора да се почитува дека кога ги купуваат правата треба да ги купуваат и за Република Македонија. Се согласува да се уреди оваа работа е многу значајна.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-5072/1 од 21.11.2018 година и едногласно донесе заклучок за отворање јавна расправа за утврдување на потребата за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси (бр.01-5775/1 од 21.11.2014 година).

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување една дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво. Објасни дека тоа е составен дел од Годишните програми на Агенцијата дека има потреба за доделување на наведената дозвола за радио на државно ниво со емитување на радио програма доминантно на албански јазик. Објасни дека после подолг временски период се создадоа технички услови да може да се распише ваков конкурс. Причината зошто досега не беше распишан ваков конкурс е заради тоа што немаше технички услови односно немаше слободна фреквенција на државно ниво за радио емитување. Во текот на оваа година од кога се создадоа технички услови со одземањето на дозволата на РА Слободна Македонија, Агенцијата по службена должност иницираше постапка за изработка на Студија со која се утврди дека има потреба од ваков тип на радио. Целокупната документација и Студијата е доставена до Советот за да донесе одлука да се распише јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис, говорно-музичко радио од специјализиран формат кај кое доминантниот вид на програма има забавна функција, на албански и на македонски јазик, на државно ниво, кој ќе се емитува преку мрежа на радиофреквенции определени од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РМ. Конкурсот ќе трае 65 дена и се надева дека кон средината на следната година ова радио ќе почне да зрачи, да ја емитува својата програма во етерот.

Г-дин Петрушевски рече дека Советот веќе неколку години има став по ова прашање.

Г-дин Фетаи рече ова што е предложено преставува резултат на долгогодишна заложба на Агенцијата и Советот како наследници на Советот за радиодифузија. Директорот ги објаснил главните причините и сето она како е дојдено до оваа позиција, што претставува еден позитивен момент во збогатувањето на медиумскиот пејзаж во Република Македонија.

Г-дин Фиданоски рече дека тие неколку пати во овој состав донеле заклучок дека кога ќе се создадат услови, во првата следна можност ќе се објави конкурс за радио на државно ниво кое ќе емитува програма доминантно на албански јазик. Можност што сега се отвора откако практично има слободна фреквенција во скопскиот регион со престанок на работа на поранешното радио Слободна Македонија. Тој лично е за тоа да се отвори можност преку конкурс да се додели таква дозвола, а да ја добие оној што ќе понуди најдобар и најиздржан проект. Сакаше да ја искористи оваа прилика бидејќи ги читал документите поврзани со овој предлог вклучувајќи ја и Студијата, за еден детаљ за кој што чувствува потреба да го сподели јавно а е поврзан со Студијата. Малку му бил интересен моментот дека изработувачот на Студијата дал само 1000 денари пониска понуда од максимално предвидените средства издвоени за оваа намена. Неговиот апел е во иднина да се внимава, бидејќи се работи за сензитивно прашање, во смисла на одлуката што ја носат да добијат шанса да конкурираат, Агенцијата да избира две валидни понуди кога станува збор за изработка на вакви Студии, за да Советот и Агенцијата да не се доведат во ситуација дека фаворизираат само еден субјект за изработка на вакви документи.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-527 од 21.11.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување 1

(една) дозвола за радио емитување на програмски сервис, говорно - музичко радио од специјализиран формат кај кое доминантниот вид на програма има забавна функција, на албански и на македонски јазик, на државно ниво, кој ќе се емитува преку мрежа на радиофреквенции определени од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РМ, со текст како што беше предложена.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлуката да ја објави во „Службен весник на Република Македонија", на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

**Точка 4**

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-5070/1 од 21.11.2018 година и едногласно донесе Правилник за измена на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Се задолжи Секторот за правни работи да изработи пречистен текст на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Донесениот Правилник да се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 5**

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-5071/1 од 21.11.2018 година и едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2018-та година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврдено ниво, односно ќе изнесуваат 115.079.000,00 денари.

Со предложениот ребаланс ќе се изврши измена на следните позиции:

- Групната ставка 418 Останати други расходи ќе се намали за 170.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 5.224.000,00 денари ќе изнесува 5.054.000,00 денари.
- Позицијата 418800 – Други расходи ќе се намали за 170.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 5.224.000,00 денари ќе изнесува 5.054.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за доставување на сигнал за системот за мониторинг на медиумските содржини за потребите на Агенцијата (за опрема која се испорача согласно ИПА проектот 2011) и за наведената јавна набавка е склучен договор со понизок износ од планираниот.

- Групната ставка 414 Надоместоци на трошоци на работници и граѓани ќе се зголеми за 170.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 9.122.000,00 денари ќе изнесува 9.292.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за други надоместоци, наменети за членовите на Советот на Агенцијата во вкупен износ од 150.000,00 денари и 20.000,00 денари наменети за надомест на трошоци за превоз до работа и од работа.
- Позицијата 414000 – Надомест на трошоци за превоз до работа и од работа ќе се зголеми за 20.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 130.000,00 денари ќе изнесува 150.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат во износ од 20.000,00 денари се наменети за надомест на трошоци за превоз до работа и од работа.
- Позицијата 414901 – Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата ќе се зголеми за 150.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 7.930.000,00 денари ќе изнесува 8.080.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат во износ од 150.000,00 денари се однесуваат за други надоместоци, наменети за членовите на Советот на Агенцијата.

Со наведените измени, ќе се дообезбедат средства за други надоместоци, наменети за членовите на Советот на Агенцијата во вкупен износ од 150.000,00 денари и 20.000,00 денари наменети за надомест на трошоци за превоз до работа и од работа. За наведените надоместоци се потребни средства во вкупен износ од 170.000,00 денари.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-5067/6
12-12-**2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**